# ООУ „ЈОАКИМ КРЧОСКИ„ ВОЛКОВО
## Повик за избор на Ученик претседател на Ученички парламент

**ООУ „ Јоаким Крчоски „ Волково објавува повик за избор на Ученик претседател на Ученички парламент. Секој претседател на одделенска /класна заедница може да се кандидира за претседател на ученичкиот парламент, со поднесување на пријава.**

**Ученичкиот парламент е надлежен да:**

- **ги донесува Правилникот за работа на класни заедници и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од Координативното тело на ученичкиот парламент**
- **активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето**
- **активно учествува во промовирање, заштита и застапување на правата и интересите на учениците**
- **го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации**
- **соработува со институциите и другите организации кои работат со младите**

## Услови за учество

- **Право на пријавување за функцијата Ученик претседател на ученички парламент имаат ученички и ученици од 7, 8 и 9 одделение**

## Начин и рок на пријавување

- **Документи за пријавување : пријава и мотивационо писмо**

**Заинтересираните кандидати можат да ја подигнат пријавата од кај психологот во училиштето**

- **Мотивационото писмо се доставува во слободна форма**
- **краен рок за поднесување на документи е :** 03.10.2022 г

## Критериуми за избор

Селекција на пријавените кандидати и избор ќе направи тим од претставници од ученици и од училиштето според следните критериуми:

- пол,
- возраст,
- мотивација за пријавување,
- комуникациски и организациски способност,
- претходно искуство односно вклученост во/вон наставни активности

**Мандатот на ученикот претседател на ученичка заедница и неговиот заменик е 1 учебна година.**

**Лице за контакт : Гордана Несторовска – психолог**

**21.09.2022 година**